*ТАЊА МИЛОШЕВСКА*

**УДК: 343.9.024:336.7]:323.285**
Изворен научен труд

# ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ИЗВОРИТЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИСЛАМСКАТА ДРЖАВА

***Кратка содржина***

*Целта на овој труд е проучување на природата на финансирањето која е различна во зависност од видот на терористичката организација, каде што, од една страна, се традиционалните, хиерархиски структурирани терористички организации, а од друга страна се децентрализираните, мрежни организации со независна финансиска поддршка, со самостојно управување и грижа за своите финансии. Исламската држава развива финансиска независност и стекнува економска автономија со што битно се разликува од останатите глобални терористички организации. Овој труд ги идентификува основните извори на приходи кои се добиени, главно, од нелегални приходи од окупиранаата територија на ИСИС. Исламската држава претставува нова форма на терористичка организација каде што финансирањето е од централно и од клучно значење за нивните активности. Евалуацијата на финансиите на Исламската држава преку традиционалните пристапи „борба против финансирање на тероризмот" доведува до сериозни заблуди. Исламската држава е фундаментално различна, бидејќи контролира голема територија и има уникатна можност за генерирање приход.*

***Клучни зборови***: *ФИНАНСИРАЊЕ, НЕЗАКОНСКИ АКТИВНОСТИ, ТЕРОРИЗАМ, РЕСУРСИ*

## Вовед

Исламската држава на Ирак и Сирија (во понатамошен текст: ИСИС), позната уште и под името Исламска држава на Ирак и Левант (ИСИЛ) и Исламска држава на Ирак и Шам,[1] е исламистичка терористичка организација создадена во 2003 година во Ирак од страна на Абу Мусаб ал-Заркави. Повикувајќи се на џихадистичката идеологија, ИСИС го прокламира создавањето на калифатот во териториите под нивна контрола на 29 јуни 2014 година.

Набргу по нејзиното основање, ИСИС остава трага како една од најмоќните групи во поновата историја на тероризмот, притоа манифестирајќи контрола и извршувајќи ја својата власт над поширок круг на индустриски и комерцијални активности, природни ресурси и суровини (нафта, агрикултурни продукти), вклу-

[1] Шам е митска света земја во која спаѓаат Сирија, Јордан, Либан, Палестина и делови од Турција.

чувајќи и минерали.[2] Додека експлоатацијата на овие природни резерви претставува еден од нејзините примарни извори на финансирање, повеќето од нивните средства доаѓа од широко распространетата изнуда од населението под нивна контрола, главно, во форма на такси, конфискации и награди. Овие ресурси се користат за финансирање воени акции, раководство на територијата на овие групи и за нивна експанзија во странство, особено во Либија (Brisard and Martinez, 2016).

Териториите што се под нивен посед ѝ овозможуваат на ИСИС самоиздршка и разновиден економски систем. Способноста да обезбедат свои внатрешни приходи, притоа без да бидат зависни од екстерни фондови, ја објаснува финансиската моќ – што претставува сериозен предизвик во поглед на борбата против финансирањето на тероризмот. Како резултат на воените неуспеси, ИСИС во јануари 2015 година[3] (Strack, 2016) ја загуби контролата на околу 25 % од нејзината територија, која имаше импликации кон логична редукција на нејзиниот пристап до ресурси.

Меѓутоа, 2015 година не донесе значително намалување ниту на приходите на ИСИС ниту на нивната способност за спроведување на трансакции. Раководната структура на ИСИС, во одредени случаи бирократска, се покажа доволно флексибилна и разновидна да им овозможи на групите да се адаптираат кон намалувањето на некои ресурси. Освен тоа, ИСИС била и во можност да ја компензира загубата на нејзините природни ресурси преку зголемување на своите приходи од криминални активности. Меѓутоа, големите територијални загуби во 2016 година ја лишуваат ИСИС од некои од основните извори на финансирање.

## Финансиска стратегија и организација

### *Финансиска стратегија*

Финансиската стратегија на ИСИС се базира на основа на територијална контрола, што им овозможува финансиска независност и разновидни ресурси. Во оваа насока, нејзиниот економски модел фундаментално се разликува од тој на Ал-Каеда (без територијална контрола и длабоко зависна од донации од страна на индивидуалисти или институции).

### *Територијална контрола*

Финансиската стратегија на ИСИС зависи, пред сѐ, од освојувањето на териториите со цел да ги контролира и експлоатира природните ресурси заради финансирање на нејзините воени напори и припадниците под нејзина контрола. Во еден интерен документ, ИСИС ја опишува нејзината стратегија велејќи дека „богатството на државата е основна компонента и извор на финансирање за сите ин-

---

[2] Регионот на Палмира, кој беше под контрола на ИСИС во периодот од мај 2015 до март 2016 година, содржи еден од главните депозити на фосфат.

[3] Областа која ИСИС ја контролира зафаќа 73,440 $km^2$, но има област на уште поголемо влијание.

терни и екстерни операции, и постоењето сигурни финансиски ресурси чија вредност не се менува во секое време и место е задолжителна“ (Al-Masri, 2014).

**Финансиска независност и разновидни ресурси**

Поседот на територии ја објаснува финансиската независност на ИСИС, којашто била во пораст уште од средината на 2000 година. Според ставовите на Владата на САД, уште од 2005 година, Ал-Каеда во Ирак (АКИ), претходниците на ИСИС, била во голема мера финансиски независна (Burns and Semple, 2006).

Во тоа време, надворешните донации сочинувале само 5 % од оперативниот буџет на групата, како што се вели во организациските интерни финансиски евиденции (Bahney at all, 2010). Оваа независност, подоцна следена и од ИСИС, ѝ овозможила на групата да ги избегне мерките против финансирање на тероризмот и да ја одржи политичката, економската и верската автономија. Приходите од експлоатацијата на минералите и обработливото земјиште во рамките на овие територии, а исто така и систематските изнуди вршени врз популацијата под нивна контрола, ѝ обезбеди финансиска независност на ИСИС.

**Организација**

ИСИС е структурирана слично како и нејзините претходници. Групата има воспоставено финансиска комисија која се состои од „финансиски министер“ кој ги надгледува финансиските зделки и ја извршува власта над локалните финансиски совети, одговорни спрема владите во провинциите под контрола на ИСИС. Финансискиот министер е еднакво рамноправен со останатите членови од „кабинетот“ сочинет од осуммина министри, секој со свое специфично поле на работа, при што сите тие се под директна надлежност на Абу Бакр ал-Багдади, политичкиот и верскиот лидер на групата. Примарната функција на министерот за финансии е да обезбеди собирање на приходи од даноци и такси. Менаџирањето со богатството во рамките на териториите под контрола на ИСИС се базира на неколку принципи (Al-Masri, 2014) и на секое ниво е присутна бирократска и административна организација, а самото управување се води според однапред дефинирана стратегија.

**Категории приходи**

1. *Даноци и такси.* Исто како и владите на Сирија и на Ирак, Исламската држава собира даноци од населението под нејзина контрола. Таа, исто така, наплаќа надоместоци за одредени услуги и ги зголемува давачките за трговија која поминува низ нејзината територија.

   Врз основа на бројките за вкупниот приход од закат (исламска милостина – давање), износите екстраполираат од данок на приход во најголемиот град на Исламската држава – Мосул. Исламската држава, по освојувањето во текот на летото на 2014 година, доби 300-400 милиони

долари од оданочување во 2014 година. Покрај губењето на територија во текот на годината, данокот на доход се зголеми на 400-800 милиони долари во 2015 година, кога организацијата се консолидира и ја експлоатираше контролата врз големи населени места во Ирак. Губењето на овие градови – заедно со клучните транзитни точки во Сирија, како што е Jarablus – се рефлектираше на приходите од оданочување во 2016 година, кои се намалија на 200-400 милиони долари.

2. *Природни ресурси.* ИСИС ги користи сите природни ресурси што се на располагање, особено хидрокарбонатите, минералите и агрикултурните ресурси.

   Поголемиот дел од нафтата е потребна за домашна потрошувачка, но одредени количини од нив се продаваат и/или се шверцувани во соседните територии.

   Кога првпат се појави оваа група, веднаш нафтата ја идентификува како клучен елемент за нејзиниот развој. ИСИС моментално контролира бројни нафтени полиња во Сирија и во Ирак. Во 2015 година организацијата имала околу 15 нафтени полиња во Сирија и околу 10 во Ирак. Овие бројки во 2016 година се значително намалени поради воените неуспеси, односно како резултат на коалициските и руските воздушни напади. Неорганизираноста во поглед на продажбата и транспортот на нафтата, исто така, се јавува како причинител за падот на нафтените приходи. Тука е значајно да се напомене и неспособноста на ИСИС да ги обнови застарените полиња и да вработи квалификуван персонал за екстракција на нафтените полиња.

3. *Киднапирање.* Исламската држава е вклучена во киднапирање за откуп. Во повеќето случаи од висок профил се оние на западни новинари, но повеќето од последните жртви биле од локалното население. Уште од нејзиното основање, ИСИС започна со практиката на земање заложници и откуп како начин за финансирање на нивните операции, притоа таргетирајќи бизнисмени, политичари и странски државјани. Овој метод во 2014 година ѝ донесе на ИСИС 20-40 милиони долари годишен приход, додека, пак, во 2016 година оваа бројка се намалила, главно, поради заминувањето на повеќето странски државјани кои претставувале „помонетаризирана“ група од останатите (Heißner at all, 2017). Поконкретно, ИСИС извршила над 200 киднапирања на азиски христијани во Сирија во почетокот на 2015 година, и за нивниот откуп добила неколку милиони долари (Associated Press report, 2016). Милитантните групи, исто така, киднапирале голем број Језуити (UNAMI-OHCHR, 2015), ослободувајќи ги, притоа, за сума од 4.000 долари (the UN Security Council, 2016). Продажбата на жени и деца, иако со висок публицитет во медиумите, претставува само симболичен дел од организациските приходи.

4. *Антиквитети.* Контролата на археолошки локалитети предизвика загриженост дека групата ќе профитира од трговија со антиквитети. Постојат докази дека Исламската држава има издадено дозволи за поединци да ги ограбуваат овие објекти, и дека организацијата наплаќа надоместоци за нивниот транспорт.

   Трговијата со антиквитети претставува маргинален извор за финансирање на ИСИС, и покрај широко распространетата медиумска покриеност. Во 2015 година, организацијата ефективно контролирала 2.500 археолошки локалитети во Ирак (Osborn, 2015) и 4.500 во Сирија (FATF, 2015), кои се сметаат за едни од најбогатите археолошки локалитети во светот. Во мај 2015 година е заземен историскиот локалитет Палмира, сметан како археолошко богатство. Овој извор со сигурност е опаднат во 2016 година, поради враќањето на Палмира под сириско покровителство. Добро запознаени со трговската вредност на различните локалитети и објектите во нив, ИСИС воспоставила специјално биро со посебни задолженија за истражување, со што го „легализирала" масовното и систематско ограбување на археолошките локалитети на два различни начини (Humud at all. 2015):

   – *прво,* преку воведување провизија за стекнување лиценца за овозможување на овластени трговци (Dahmous, 2016) да вршат ископувања и да ги продаваат пронајдените предмети (подложни на такси од 20 % до 50 % (Fraysse, 2016); или

   – *второ,* преку ископувања вршени од самата организација и продавање на пронајдените предмети, со што резултирало со поголем профит.

   Вториот метод бил практикуван особено по коалициските воздушни напади кои резултирале со големи финансиски загуби на организацијата.

5. *Странски донации.* За Исламската држава се претпоставува дека прима донации од физички лица – па дури и од влади – во Персискиот Залив кои ги поддржуваат целите на групата или припадниците на Исламската држава ги користат како посредници во нивната конфронтација со Иран и неговите сојузници.

   Целта на ИСИС се состои во остварување политичка, економска и религиозна независност, и нејзините донации најчесто потекнуваат од богати бизнисмени, религиозни авторитети и, првенствено, невладини организации од арапските земји (UN Security Council, 2016).

6. *Грабежи, конфискации и казни.* При одземањето нова територија, Исламската држава е познато дека добива поголеми приходи од грабежите на банки и продавници, како и со одземање/конфискација на имотот на луѓето кои го напуштиле и/или припаѓал на малцинствата. Исламската држава, исто така, наметнува широк спектар на парични казни.

> Даноците се сеприсутни. Освен верските даноци, придонеси што влијаат на сите економски активности и на целата популација која живее во подрачјето на територијата на Исламската држава се: даноци на платите на државните службеници од Ирак и Сирија; царинење на камиони што влегуваат на територијата на ИСИС (оваа такса се проценува на 400-600 долари по камион) (Dahmoush, 2016); даноци за агрикултура; даноци за заштита на верските малцинства; даноци за вода и електрична енергија на месечно ниво; даноци за изнајмување на јавни згради, банкарски трансакции, регистрација на возила, запишување во училиште и универзитети итн. (Bisard and Martinez, 2016).
>
> Еден од примарните извори на финансирање на ИСИС во 2015 година претставуваше изнудата. Оваа активност, која се состои од даноци, такси, казни и конфискации, ѝ донесе на групата околу 100-190 милиони долари во 2016 година, споредено со 200-350 милиони долари во 2015 година.

ИСИС извршува и конфискации. Имотите на лицата кои ги напуштиле своите територии, како и освоените територии систематски биле ограбувани и подоцна конфискуваната стока била продавана на локалните пазари со привилегирани цени за членовите на нивната група (Rozenberg at all, 2015).

Задолжена за надзор над овие активности е административната структура преку различни одделенија (пр. *Diwan al-Khadamat),* како и голем број екстремисти во организацијата кои се активно вклучени во собирањето даноци. Имено, групата му дава правен статус на изнудувањето во сите можни случаи со цел да направи да изгледа легитимно. Меѓутоа, неодамнешните случувања фрлија сомнеж врз одржливоста на изнудата како долгорочен извор на приходи. Додека 40 % од приходите во 2015 година произлегуваа од даноци, во 2016 година овој процент значително опадна (Gidda, 2015). Ваквиот развој е резултанта, пред сè, на територијалните загуби, кои логично доведуваат до редуцирање на големината/бројот на даночните обврзници, како и на постојаното зголемено бегство на месното население од териториите под команда на ИСИС. Насилното однесување на милитантните групи, воздушните бомбардирања, постојаното зголемување на таксите, зголемувањето на трошоците за живот, како и катастрофалната состојба на јавните сервиси го принудуваат месното население да ги напушта своите домови. Заедно, наведените фактори резултираа со значителна загуба на приходите од изнуда во 2016 година.

**Табела 1.** Приходи на Исламската држава, 2014-2016 (Heißner, 2017)

| | **2014 (во милиони $)** | **2015 (во милиони $)** | **2016 (во милиони $)** |
|---|---|---|---|
| Даноци и такси | 300-400 | 400-800 | 200-400 |
| Нафта | 150-450 | 435-550 | 200-250 |
| Киднапирање | 20-40 | Непознато | 10-30 |
| Антиквитети | Непознато | Непознато | Непознато |
| Странски донации | Незначително | Незначително | Незначително |
| Грабежи, конфискации и казни | 500-1,000 | 200-350 | 110-190 |
| **ВКУПНО** | **970-1,890** | **1,035-1,700** | **520-870** |

Падот на приходите не мора да има непосреден ефект врз способноста на групата да изврши терористички напади надвор од нејзината територија. Терористичките операции на Исламската држава често се релативно евтини и финансирани без да се потпираат на официјални грантови или поддршка од групи од Сирија и од Ирак (Basra at all. 2016). Ова е особено точно за чисти инспирирани напади или она што Питер Нојман го опиша како операции на „далечинско управување", кои се потпираат на „менторство" на осамени напаѓачи преку персонални апликации за пораки (Eddy, 2016).

## Финансиски и комерцијален систем

Хегемонистичките амбиции на ИСИС, исто така, се рефлектираат и во нејзината контрола на банкарскиот и финансискиот сектор.

*Банкарски систем*

Во периодот по заземањето на Мосул, вториот ирачки град, во јуни 2014 година, групата воспоставила контрола над неколку разграноци од јавните и приватните банки, вклучувајќи ја и Централната банка на Ирак. Гувернерот на ирачката покраина Нинева изјавил дека во јуни 2014 година ИСИС се стекнала со 425 милиони долари во кеш (McCoy, 2014). Според финансискиот биланс на банките кои работат во таа област, од 31 декември 2013 година, вкупните залихи, тековни сметки и депозити надминувале еден билион долари. И во многу други сириски региони, банкарскиот систем бил под контрола на ИСИС, со што во 2015 година, вкупниот број банкарски експозитури под контрола на ИСИС изнесувал 115, од кои 80 во Ирак и 35 во Сирија (Hubbard, 2014).

Меѓутоа, овие банкарски експозитури моментално работат само како депозитни банки, односно мерките што се преземени од надлежните органи и централните банки не дозволуваат пристап до меѓународниот финансиски систем.

*„Хавала" систем*

Рестрикциите во банкарскиот систем за ИСИС не претставувале пречка за продолжување на својата надворешна трговија, така што како алтернативен и неформален облик го користеле „хавала" системот. Големата мрежа на агенти, распространети низ регионот, ѝ овозможувала на организацијата да испраќа и прима неследени трансфери речиси веднаш. Исто така, агентите кои „оперираат" на целата територија која е под контрола на групата се овластени да ги спроведуваат своите активности под надзор на организацијата. Значајноста на сумите со кои се работи претставува доволен мотив за агентите да работат со ИСИС, т.е. за неа. Трансферите со „хавала" системот им овозможува на групата да тргува со агентите во Турција, Јордан, и на тој начин да увезува стока која е недостапна на нивната територија.

Меѓутоа, неутрализирањето на „хавала" системот и понатаму се покажува како тешка задача: *прво,* поради самата негова длабока вкоренетост во рамките на ирачкото општество и користењето на овој систем во над 50 % од државните бизниси (Coker, 2016) и, *второ,* дискретноста, брзината и сигурноста на системот, кој се базира на доверба, овозможува да се заобиколат контролните механизми.

## Заклучок

Потребата од енормни средства за да се исполнат организациските барања ја претставува ранливоста на инфраструктурата на ИСИС. Со цел да го задржи својот финансиски менаџмент и расходите во областите каде што работи, организацијата мора да биде способна да ги искористи дополнителните територии со цел да ги искористи ресурсите. Не е јасно дали наплатата на приходите на ИСИС преку нелегални приходи кои ги добива од окупацијата на територија, вклучувајќи изнудување и кражба, ќе биде одржлива со текот на времето. Прекинувањето на овие извори на приходи е и предизвик и можност за глобалната заедница да ја порази оваа терористичка организација.

Треба да се напомене дека голем број традиционални контрамерки употребени да се одземат или скратат фондовите на терористички организации не се апликативни во однос на овој нов модел усвоен од страна на ИСИС. Сепак, како и секоја терористичка организација, финансиските и логистичките мрежи на ИСИС се ранливи. Нарушувањето на командата, контролата и економските структури ќе ја попречат способноста на ИСИС за финансирање на своите операции и поддршка на своите борци.

Спротивно на тоа, потпирањето на ИСИС на изворите на финансирање од населението и територијата помага да се објаснат сегашните финансиски проблеми на групата. Според статистиката од страна на глобалната коалиција, до ноември 2016 година, Исламската држава изгуби 62 отсто од територијата која ја поседуваше од средината на 2014 година во Ирак и 30 отсто во Сирија. Од гледна точка на приходите, тоа значи помалку луѓе и бизниси за даночење и помалку контрола над природните ресурси, како што се нафтените полиња (Heißner, 2017).

Постојат силни причини да се верува дека приходите на Исламската држава и понатаму ќе се намалуваат, особено со ослободувањето на Мосул, калифатскиот „комерцијален град“, што ќе има значително штетно влијание врз финансиите на Исламската држава. Но, и покрај тоа, падот на приходите не мора да има непосреден ефект врз способноста на групата да врши терористички напади надвор од нејзината територија.

## Литература

Abdullah, Aal-Masri (2014). *Islamic State Caliphate on the prophetic methodology*. IS internal document.

Basra, R., Neumann, P. R and Brunner, C. (2016). *Criminal Pasts, Terrorist Futures: European Jihadists and the New Crime-Terror Nexus*. London: ICSR.

Bahney, B., Shatz, H.J., Ganier, C., McPherson, R and B. Sude (2010). *An Economic Analysis of the Financial Records of al-Qa'ida in Iraq*. RAND Corporation, National Defense Research Institute.

Brisard, J. and Martinez, D (2016). *ISIS Financing in 2015*. Center for the Analysis of Terrorism.

Burns, J. F and Semple, K (2006). "U.S. Finds Iraq Insurgency Has Funds to Sustain Itself". *The New York Times*. Available at: http://www.nytimes.com/2006/11/26/world/middleeast/26insurgency.html/ [Accessed 20 March. 2017].

Coker, M (2016). "How Islamic State's Secret Banking Network Prospers." *The Wall Street Journal*. Available at: http://www.oasiscenter.eu/press-review/2016/02/25/how-islamic-state-s-secret-banking-network-prospers [Accessed 15 January 2017].

Dahmoush al-Mashhour, F and Syrians for Democracy (2016). "The Impact of International Coalition Operations on the Economy of "Islamic State" in Syria." *Justice for Life Observatory in Deir ez-Zor*, Available at: http://jfl.ngo/?p=2736/ [Accessed 15 February 2017].

Eddy, M (2016). "Germany Investigates if Boy, 12, Planted Bomb at Christmas Market." *New York Times*. Available at: https://www.nytimes.com/.../12/.../germany-bomb-boy-12-christmas-market-investigation/ [Accessed 12 March 2017].

Financial Action Task Force (FATF) (2015). "Financing of the Terrorist Organization Islamic State in Iraq and the Levant (ISIL)." *FATF Report*, Available at: http://www.fatf-gafi.org/media/fatf/documents/reports/Financing-of-the-terrorist-organisation-ISIL.pdf [Accessed 15 December 2016].

Fraysse, B (2016). "La vérité sur le trafic d'antiquités de l'Etat islamique" *['the truth About antiquities trafficking by Islamic State']*. *Challenges*. Available at: https ://www.coursehero.com › University of Phoenix › FINANCE › FINANCE 603/ [Accessed 15 December 2016].

Gidda, M (2015). "ISIS is facing a Cash Crunch in the Caliphate." *Newsweek*. Available at: http://europe.newsweek.com/isis-are-facing-cash-crunch-caliphate-333422 [Accessed 15 December 2016].

Heißner, S., Neumann, P, R., Holland-McCowan, J and Basra, R (2017). *Caliphate in Decline: An Estimate of Islamic State's Financial Fortunes*. The International Centre for the Study of Radicalisation (ICSR). King's College London, United Kingdom.

Hubbard, B (2014). “Life in Jihadist Capital: Order with a Darker Side.” *The New York Times.* Available at: https://www.nytimes.com/2014/07/24/world/.../islamic-state-controls-raqqa-syria.html [Accessed 15 December 2016].

Humud C. E., Pirog R and Rosen L (2015). *Islamic State Financing and U.S. Policy Approaches,* Congressional Research Service.

McCoy, T (2014). “ISIS just stole $425 million, Iraqi governor says, and became the ‘world’s richest terrorist group’.” *The Washington Post.* Available at: https:// www.washingtonpost.com/.../isis-just-stole-425-million-and-became-the-world / [Accessed 20 December 2016].

Osborn, A. (2015). “Islamic State looting Syrian, Iraqi sites on industrial scale – UNESCO.” *Reuters.* Available at: http://uk.reuters.com/article/uk-mideast-crisis-unesco-idUKKCN0PC1OS20150702/[Accessed 15 December 2016].

Rosenberg M., Kulish, N and Myers L (2015). “Predatory Islamic State Wrings Money From Those it Rules.” *The New York Times.* Available at: http://www.fatf-https://www.nytimes.com/.../predatory-islamic-state-wrings-money-fromthose-it-rules.ht/ [Accessed 15 December 2016].

Strack, C (2016). “Islamic State loses 22 per cent of territory.” *IHS Jane’s 360*, Available at: http://www.janes.com/article/58831/islamic-state-loses-22-per-cent-of-territory/ [Accessed 15 March 2017].

The Associated Press report (2016). “ISIS collects millions in ransom for abducted Christians.” *CBS News*, Available at: http://www.cbsnews.com/news/isis-collects-millions-in-ransom-for-abducted-christians/ [Accessed 15 February 2017].

UNAMI-OHCHR (2016). “Report on the Protection of Civilians in the Armed Conflict in Iraq: May 1 - October 31, 2015.” *United Nations Iraq.* Available at: http:// www.ohchr.org/Documents/Countries/IQ/UNAMIReport1May31October2015.pdf [Accessed 15 February 2017].

UN Security Council (2016). “Report by the Secretary-General on the threat posed by ISIL (Da’esh) to international peace and security and the range of United Nations efforts in support of Member States in countering the threat.” Available at: http://www.un.org/en/sc/documents/sgreports/2016.shtml.[Accessed 20 Mar ch 2017].

*Tanja MILOSHEVSKA*

**UDK: 343.9.024:336.7]:323.285**
Original research article

# IDENTIFICATION OF FUNDING SOURCES OF ISLAMIC STATE

***Abstract***

*The purpose of this paper will be focused on investigating the nature of the financing, which is different depending on the type of terrorist organization, where on one hand there are traditional, hierarchically structured terrorist organizations and on the other hand decentralized, networked organizations with an independent financial support, self-management and care of their finances.*

*The Islamic State developed financial independence and acquired economic autonomy which differs significantly from other global terrorist organizations. Given the rapid development of the terrorist organisation the Islamic State in Iraq and the Levant (ISIL), there is a need to understand those funding requirements. ISIL financing is a constantly changing picture and a very difficult and complicated area to address given the operational situation on the ground.*

*The Islamic State represents a new form of terrorist organisation where funding is central and critical to its activities. This paper identifies ISIL's primary sources of revenue, which is mainly derived from illicit proceeds from its occupation of territory.*

*The evaluation of the Islamic State finances through traditional approaches towards "countering terrorist finance" leads to serious misconceptions. The Islamic State is fundamentally different because of the large territory it controls and the unique opportunities that offers for generating income.*

***Key words***: *FINANCING, ILLEGAL ACTIVITIES, TERRORISM, RESOURCES*

## Introduction

